**20192383722**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 51, став (5) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

## УПАТСТВО ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА НАГРАДА ЗА ИНСПЕКТОР

Член 1

Со ова упатство се пропишувадоделувањетона парична награда на инспектор (во натамошниот текст: „Упатство“).

Член 2

(1) За посебно ангажирање во извршувањето на работата се смета доколку при последното оценување на учинокот инспекторотги почитувал законските рокови за подготвување на записници и донесување на инспекциски акти во над 95% од инспекциските надзори кои ги извршил.

(2) За квалитет во извршувањето на работата се смета доколку во претходната година инспекторот не бил дисциплински или материјално казнуван и при последното оценување на учинокот остварил одличен квалитет во водењето на записниците и решенијата во хартиен и/или електронски формат, уредноста во водењето на предметите по кои постапувал и квалитетот на писменото изразување.

(3) За значителен придонес во остварувањето на функцијата на инспекциската служба се смета доколку при последното оценување на учинокот инспекторот остварил над 95% реализација на другите работни цели и задачи.

(4) За процент на реализација на годишната програма за надзор се смета доколку при последното оценување на учинокот инспекторот остварил над 95% реализација на планираните инспекциски надзори.

Член 3

(1) Врз основа на предлог од непосредниот раководител или лицето кое го заменува, на инспекторот му се доделува парична награда доколку кумулативно ги има исполнето активностите од член 2 од овој правилник.

(2) Предлогот од став (1) на овој член, содржи:

- образложение на значителноста на исклучителниот резултат и придонесот на инспекторот,
- изјава од организациската единица за човечки ресурси дека на инспекторот не му е изречена мерка за дисциплинска или материјална одговорност, и
- копија од образецот за последното оценување на учинокот на инспекторот.

Член 4

Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19).

Бр.01-930
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.